Во изминатата 2021 година ЈП"Национални шуми" има остварено приход од проширена репродукција на шуми во износ од 10.579.550,00 денари, од кои 5.034.550,00 денари се за **пошумување на голини и ерозивни земјишта** во државна сопственост на површина од 69,23ха и 5.545.000,00 денари се за **отстранувања на последиците од шумски пожари на површина над 50ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници** на површина од 55,45ха. Средствата за проширена репродукција на шумите се користат според годишна Програма што ја донесува Владата на РС Македонија. Со оваа програма(Сл.весник на РСМ бр.14/21, 31/21 и 180/21), согласно Буџетот на РСМ за 2021 година (Сл.весник на РСМ бр.307/20), беа утврдени изворот и износот на средствата, видот и обемот на работите и мерките кои ќе се финансираат, извршителите на работите, како и начинот на користење на средствата за извршени работи во 2021 година.

Согласно предвидената Програма за проширена репродукција на шумите за 2021 год. (Сл.весник на РСМ бр.14/21, 31/21 и 180/21) ЈП „Национални шуми" во целост ги реализира предвидените работи и мерки донесени согласно оваа програма.

**1.7. Остварените приходи од проста репродукција на шуми** се помали од планираните за 43,06%:

Во 2021 година ЈП"Национални шуми" има осварено приходи од **проста репродукција на шуми согласно** членот 94 од Законот за шуми, каде е регулиран начинот на издвојување и користење на средствата за проста репродукција на шумите. Средства за проста репродукција на шуми издвојуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите во државна сопственост во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума. Средствата за одгледувачки

активности и заштита на постојните шуми изнесуваат до 60% од висината на средствата издвоени за проста репродукција на шумите. Средствата за проектирање и изградба на шумски патишта, техничко опремување заради вршење на работи за заштита на шумите и за изработка на планови за стопанисување со шумите, изнесуваат до 40% од висината на средствата издвоени за проста репродукција на шумите. Средствата издвоени за проста репродукција се строго наменски. За секоја извршена работа од областа на простата репродукција на шумата се изготвува ситуација. Во рок од 5 дена од нејзиното изготвување, ПШС со писмен допис го повикува инспекторот за шумарство и ловство да изврши теренски увид и да ја потпише ситуацијата за извршена работа. Врз основа на приложените ситуации за извршени работи по вид на одгледувачка работа ЈП"Национални шуми" во 2021г. има остварено приход од проста репродукција на шуми во износ од 76.411.097,00 денари;

**1.8. Остварените останати приходи** се значително поголеми од планираните, поради фактот што во текот на годината се остварија и приходи кои не беа воопшто планирани, како што се:

- Приходи од поранешни години – 1.065.416,00 ден.;
- Приходи од отпис на обврски и наплатени отпишани побарувања - 2.353.490,00 ден.;
- Приходи од наплата на шумски штети – 1.052.841,00 ден.;
- Приходи од вредносно усогласување на материјални средства (усогласување на сметководствената со фактичката биолошка вредност на шумите)– 71.477.314,00 ден.;
- Приходи од конфискувано огревно дрво – 3.479.930,00 ден.
- Останати неспомнати деловни приходи во износ од – 3.311.958,00 ден.
- Други приходи во износ од 320.895.447,00 ден. од кои 100.000.000,00 ден. кои Владата на РСМ ги издвои како неповратна финансиска поддршка на ЈП Национални шуми, согласно Нацрт записникот од 77та седница на Владата на РСМ, бр.40-5807/1 од 08.06.2021 год., како и 163.000.000,00ден. кои Владата ги издвои како неповратна финансиска поддршка на ЈП Национални шуми, согласно Нацрт записникот од 129та седница на Владата на РСМ, бр.40-12861/1 од 21.12.2021 год.

Во групата на останати приходи влегуваат уште и: приходи од трговски стоки, приходи од извршени услуги–превоз, приходи меѓу подружници од останато, приходи од продажба на материјали и резервни делови, приходи врз основа на употреба на сопствени добра, приходи од наемнини, приходи од вишоци и

наплатени кусоци, приходи од дополнително одобрени попусти, вонредни непредвидени приходи, приходи врз основа на редовни и затезни камати и останати финансиски приходи;

1.9. **Остварени приходи на Дирекција во износ од 319.789.645,00 ден.** во 2021 година во голем дел се состојат од следните остварени приходи:

- Приходи од лов и ловен туризам – 3.055.786,00 ден.;
- Други приходи. – 53.733.859,00 ден.(приходи од наплата на шумски штети и приходи од приходи од конфискувано дрво);
- Приходи од неповратна финансиска поддршка од Владата на РСМ - 263.000.000,00 ден.

Прилог: Табела 14 од Извештајот за работењето за 2021 год.

## II. ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ - СПОРЕДБА 2021/2020 ГОДИНА

**Остварените вкупни приходи во споредба со 2020 година се намалени за 14%.**

**Отстапувања се јавуваат кај следните позиции:**

**2.1. Вкупните приходи** се поголеми за 10%, приходите од продажба на огревно дрво се помали за 13%, кај техничкото дрво се поголеми за 11% и кај остатокот после сеча се помали за 1%. Приходите од продажба на дрвни сортименти произлегуваат од остварената продажба на дрвни сортименти, која во споредба со минатата година е помала во апсолутен износ за 57.940,41м³. Индексот на остварена продажба на техничко дрво е 1,05, или во апсолутен износ продажбата на техничко дрво е зголемена за 4.625,33 м³,(92.458,38м³ во 2021 год.; 87.833,05м³ во 2020 год.), а за огревното дрво со остаток после сеча е 0,85, или во апсолутен износ продажбата на огревно дрво со остаток после сеча е намалена за 62.565,74 м³ (357.248,86м³ во 2021 год.; 419.814,60м³ во 2020 год.);

**2.2.**Остварените **приходи од расадничко производство** се намалени во споредба со минатата година во износ за 1.954.045,00 ден., односно индексот на остварени приходи е 0,74.

**2.3.Остварените приходи од ловство** - се помали за 39%, во споредба со 2020 год. приходите се намалени поради фактот што во текот на изминатата година приходите од комерцијален лов од странски ловци се реализирани во помал број

заради пандемијата со Корона вирусот која беше сеуште актуелна, како и фактот што во 2021 год. не се остварени приходи од Програмата за развој и унапредување на ловството и за одгледување и заштита на дивечот под заштита во репроцентрите, а во 2020 год. биле остварени 59.575,00ден.

**2.4.Остварените приходи од други шумски производи** се помали во споредба со 2020 год. за 3% (409.947,00 во 2021 год.; 421.356,00 во 2020 год.) заради пандемијата со Корона вирусот. Сите видови на приходи:(од други шумски производи и од издадени дозволи, како и од погонот од хидродестиларата во ПШС Малешево-Берово), се остварени во незначително помал износ во споредба со претходната година;

**2.5.**Остварените **приходи од маркирање во приватни шуми** се **намалени во однос на минатата година во износ за 41.781 ден.** Во текот на 2021 год. одобрени се вкупно 205.798 м$^3$, од кои на техничко дрво отпаѓаат 21.340 м$^3$ и на огревно дрво отпаѓаат 184.458 м$^3$. Од вкупно одобреноста дрвна маса во овој период 177.062м$^3$ реализирано е 17.172 м$^3$ техничко и 159.890 м$^3$ огревно дрво. Трошоците кои произлегуваат од работата во приватните шуми, согласно важечките законски прописи ги обезбедуваат самите сопственици врз основа на важечкиот Ценовник за ознака и други услуги за шумите, меѓите и осамени дрва во приватна сопственост на ЈП "Национални шуми", а средствата кои се остварени од ознака на техничко и огревно дрво од шума и ознака на дрва од меѓи во приватна сопственост во 2021 год. изнесуваат 49.652.421,00 денари, а во 2020 год. изнесуваат 49.694.202,00 денари;

**2.6.**Остварени **приходи од проста репродукција на шумите** - помали се за 8% поради фактот што во 2021 година се намалени одгледувачките работи по вид на извршена работа и тоа во делот на пошумување на голини (од 197,20ха во 2020г. на 113,95ха во 2021г.), во делот на пошумување во шума (од 184,74ха во 2020г. на 90,36ха во 2021г.), во делот на потсејување (од 80,13ха во 2020г. на 34,33ха во 2021г.), во делот на прореди (од 172,83ха во 2020г. на 146,80ха во 2021г.), во делот на нега и чистење (од 20ха во 2020г. на 14,50ха во 2021г.) и во делот на изработка на ППСШ (од 13 броја во вредност од 11.860.806,00ден. во 2020г,ден. на 12 броја во вредност од 10.095.785,00ден. во 2021г.). Сите овие активности во делот на одгледувачките работи во изминатата година, заради присуството на пандемијата со Корона вирусот беа значително намалени, а со цел за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирусот.

Додека пак, зголемени се одгледувачките работи во делот на конверзија (од 0,00 ха во 2020г. на 82,28ха во 2021г.), во делот на гасење на пожари (од 113,65ха во 2020г. на 2.305,88ха во 2021г.), заштита од болести и штетници (од 15.077,30ха во 2020г. на 16.671,00ха во 2021г.), заштита од пожари (од 14.251,30ха во 2020г. на 15.072,30ха во 2021г.), заштита од добиток и напасување (од 7.057,30ха во 2020г. на 25.311,00ха во 2021г.). Остварените приходи од проста репродукција на шуми по ситуации за извршена работа влегуваат во вкупниот остварен приход во Годишната сметка на ниво на ЈП;

**2.7.Остварени приходи на Дирекција** - поголеми се за 194% најмногу поради зголемени приходи од: неповратна финансиска поддршка од Владата на РСМ во 2021 год. во износ од 263.000.000,00 ден. (во 2020 – 100.000.000,00ден ; во 2021 – 263.000.000,00ден.) и остварените приходи од ловство евидентирани во Дирекција (2020–1.673.995,00ден.; 2021–3.055.786,00ден.) кои произлегуваат од изработка на ловностопанските основи од страна на Секторот за уредување на шуми, ловишта и проектирање.

Прилог: Табела 16 од Извештајот за работењето за 2021 год.

**Вкупните расходи се состојат од :**

- Потрошени материјали, енергија и ситен инвентар за 2021 година во износ од 96.907денари (6,60% од вкупните трошоци), а за 2020 година во износ од 105.843 денари (6,97% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2021 |
| Потрошени материјали | 17.212 | 16.784 |
| Потрошени резервни делови | 20.849 | 14.660 |
| Отпис на ситен инвентар | 2.370 | 1.784 |
| Потрошена енергија | 65.413 | 63.654 |

- Трошоци на вработените за 2021 година се во износ од 874.889 денари (59,63 % од вкупните трошоци), а за 2020 година биле во износ од 910.091 денар (59,99% од вкупните трошоци);

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | **2020** | **2021** |
| Бруто - плати | 865.570 | 830.996 |
| Надоместоци на вработени | 44.521 | 43.893 |

- Амортизација за 2021 година во износ од 47.993 денари (3,27% од вкупните трошоци), а за 2020 година во износ од 46.820 денари (3,08% од вкупните трошоци);
- Резервирања на трошоци и ризици за 2021 година во износ од 97.938 денари (6,67% од вкупните трошоци), а за 2020 година во износ од 109.618 денари (7,22% од вкупните трошоци);
- Останати расходи за 2021 година во износ од 349.383 денари (23,81% од вкупните трошоци), а за 2020 година во износ од 345.091 денар (26,75% од вкупните трошоци).

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2021 |
| Транспортни услуги | 111.074 | 99.146 |
| Надворешни услуги за изработка на производи | 79.374 | 75.469 |
| Услуги за одржување и заштита | 12.081 | 13.074 |
| Трошоци за закупнини | 27.392 | 26.171 |
| Останати услуги | 4.628 | 4.633 |
| Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | 39 | / |
| Вредносно усогласување на залихите | 115 | / |
| Дневници за службени патувања | / | / |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама, репрезентација и спонзорство | 26 | 463 |
| Премии за осигурување | 1.042 | 629 |
| Даноци кои не зависат од резултатот | 2.099 | 1.695 |
| Банкарски услуги | 1.468 | 2.159 |
| Останати нематеријални трошоци | 862 | 303 |
| Кусоци | 862 | 1.819 |
| Казни, пенали и надомест на штети | 477 | 516 |
| Трошоци од минати години | 9.260 | 15.309 |
| Трошоци за камати | 8.229 | 14.449 |

## III. ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ВО 2021 ГОДИНА

Остварените вкупни расходи во 2021 година во однос на планските проекции се помали за 24,51% поради тоа што:

**3.1.Расходите (особено оние што се поврзани, или произлегуваат од процесот на производство)** се во корелација и го следат процентот на остварување на производството како што се:

- потрошени суровини и материјали, енергија и резервни делови,
- услуги (сеча, дотур, превоз со утовар и растовар),
- долгорочни резервирања (проста репродукција на шуми).

Средствата кои се издвојуваат за проста репродукција на шуми се во висина од 10% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума и зависат од вкупно посечената дрвна маса, согласно член 94 од Законот за шуми;

**3.2.Отпис на побарувања** - во текот на годината се остварија и расходи кои не беа воопшто планирани, како што се отписот на побарувања во износ од 1.969.211,00ден.;

**3.3.Надоместоци на работниците** — намалувањето од 39,69% произлегува најмногу поради тоа што во Програмата за работа се планираат трошоци за вработените за регрес за годишен одмор, но истиот не е исплатен.

**3.4.Проширена репродукција на шуми**

Средствата кои се издвојуваат за проширена репродукција на шуми се во висина од 3% од вредноста на исеченото дрво, франко камионски пат во шума и зависат од вкупно посечената дрвна маса, согласно член 95 од Законот за шуми;

**3.5.Бруто плати** - намалени за 4,69% поради намалување на бројот на вработени на неопределено време, најмногу по природен одлив односно заминување во пензија, како и по други основи.

**3.6.Останати трошоци** се зголемени за 69,69% главно во делот на:

- Трошоци од минати години - од планирани 5.598.206,00ден. на остварени 14.126.900,00ден.

Прилог: Табела 15 од Извештајот за работењето за 2021 год.

# IV. ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ - СПОРЕДБА 2021/2020 ГОДИНА

**Остварените вкупни расходи во споредба со 2020 година се намалени за 3%.**

**Отстапувања се јавуваат кај следните позиции:**

4.1.**Останати услуги - овие трошоци се зголемени за 27%** или во апсолутен износ се зголемени за 10.696.329,00ден. (од 38.911.760,00 ден. во 2020 год. на 49.608.089,00 ден. во 2021 год) како резултат на зголемени трошоци за: наемнини, занаетчиски услуги, патарини, регистрација на возила, услуги за советувања, банкарски услуги и даноци кои не зависат од резултатот;

4.2. Амортизацијата е зголемена за 3% или во апсолутен износ за 1.173.651,00ден. (од 46.819.780,00 ден. во 2020 год. на 47.993.431,00 ден. во 2021 год), меѓутоа треба да се нагласи дека истата во текот на годината се пресметува акontативно (врз основа на Годишната сметка за минатата*) година), додека конечна пресметка на амортизацијата се изготвува на крајот на деловната година*) 2021 год.;

4.3. Останати трошоци зголемени за 8% (од 46.833.664,00 ден. во 2020 год. на 50.758.620,00 ден. во 2021 год.), но во апсолутен износ тоа се 3.924.956,00ден. како резултат на зголемени трошоци за: отпис на ситен инвентар, трошоци за договори за дело, судски трошоци, набавна вредност на продадени стоки и материјали, дополнително утврдени трошоци од минати години, кусоци и трошоци за камати.

Прилог: Табела 17 од Извештајот за работењето за 2021 год.

Вкупната актива/пасива за деловната 2021 година изнесува 59.961.322 денари, а за деловната 2020 година изнесува 59.842.548 денари;

Капиталот заедно со резервите на 31.12.2021 година изнесува 58.738.565 денари, а на 31.12.2020 година изнесува 58.637.831 денари, и ги опфаќа следните позиции:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2021 |
| Основен капитал | 5.940.384 | 5.940.384 |
| Резерви | 53.245.315 | 53.245.315 |
| Загуби | **547.869** | **447.131** |

**Краткорочните обврски со 31.12.2021 / 31.12.2020 година се искажани во табелата:**

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2021 |
| Обврски спрема добавувачи | 137.902 | 147.804 |

**Останати краткорочни обврски :**

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2021 |
| Нето- плати | 49.703 | 45.740 |
| Даноци од плати | 3.416 | 3.148 |
| Придонеси од плати | 20.162 | 19.328 |
| ДДВ | 146.535 | 211.373 |
| Обврски по Закон за шуми | 349.767 | 385.370 |
| Персонален данок и други даноци | 7.339 | 7.168 |
| Придонеси | - | - |
| Данок од добивка | 1.161 | 3.198 |
| Обврски за неисплатени надоместоци спрема вработени | 17.792 | 15.059 |

Долгорочни обврски за 2021 година се во износ од 46.102 денари, а за 2020 година во износ од 86.202 денари.

**Краткорочните побарувања заклучно со 31.12.2021 година изнесуваат:**

- Побарувања од купувачи – 100.629 денари (2021 год.);
- Побарувања од купувачи – 87.369 денари (2020 год.);
- Останати краткорочни побарувања:

Во 000 ден.

| Елементи | Година | |
|---|---|---|
| | 2020 | 2021 |
| Побарувања на надомест на штети и останато | 55 | 1.188 |
| Побарувања од вработени за кусоци | 41.436 | 41.424 |
| Побарувања од вработени по останати основи | 2.353 | 1.905 |
| Побарувања од вработени за гориво | - | - |
| Побарувања од државата | 164.275 | 164.275 |

Согласно Одлуката од Управен одбор Бр.02-1216/8 од 28.12.2015 година, за определување на висината на месечниот паушален надоместок за членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење, висината на паушалниот надоместок на членовите за нивното учество во работењето изнесува:

- За претседателот............................12.000,00 денари;
- За заменик претседател...................11.000,00 денари;
- За членовите..................................10.000,00 денари.

Согласно Одлуката од Управен одбор Бр.02-812/6 од 23.11.2017 година, за надомест на патни трошоци за членовите на Управниот одбор и Бр.02-812/7 од 23.11.2017 година за надомест на патни трошоци за членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење со место на живеење надвор од Скопје, се одобрува надомест на патни трошоци за присуство на седница, како и за извршување на службени задачи секогаш кога ќе бидат повикани од Управниот одбор, односно Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење, во висина на 30% од цената на литар гориво за поминат километар.

## Насоки за работењето во 2022 година

ЈП Национални шуми во 2022 година ќе ги превземе следните мерки и активности заради подобрување на севкупното работење на Јавното претпријатие:

- Зголемување на производството на вкупна дрвна маса согласно предвидувањата во Посебните планови за стопанисување со шумите преку обезбедување на непречен развој на планираното годишно производство согласно Програмата за работа за тековната година;
- Основна интенција во остварувањето на планираното производство треба да биде зголемување на обемот и квалитетот на производството, со истовремено намалување на трошоците на работењето, особено имајќи предвид дека претпријатиетo има сезонски карактер на работа и својата дејност ја извршува со самофинансирање. Ангажирање на обучена работна сила во делот на производството на шумски сортименти, заради рационално користење на шумите и изработка на квалитетни производи со највисока пазарна цена;
- За зголемување на предвидената динамика во фазите сеча, дотур и превоз, освен сезонскиот карактер на работење во шумарството, влијание имаат и други причини од објективен карактер, како што се: недоволната отвореност

на шумите, како и оддалеченоста на шумските комплекси, лошата патна инфраструктура која овозможува пристап претежно во летните месеци и во зависност од временските услови има прекин во работата. Со оглед на тоа што ЈП,,Национални шуми,, располага со стара и дотраена механизација, чија просечна старост е над 20 години многу јасна е потребата од набавка на нова механизација за подобрување на квалитетот на производството;

- Проширување и подобрување на патната инфраструктура е од исклучителна важност за непречено извршување на основната дејност во шумарството. Отворањето на шумите со патишта и снабдување со производи на претпријатието претставува перманентна долготрајна обврска на ЈП Национални шуми и е предуслов за навремено и квалитетно извршување на поставените производни задачи. За таа цел, ЈП Национални шуми во изминатите години набави 15 нови градежни машини при што дојде до намалување на трошоците, а со самото тоа и намалување на цената на чинење по единица км. Отварањето како и прочистувањето на патната мрежа ќе се извршува во најголем дел со сопствена механизација. Со соодветни шумски комуникации ќе се овозможи: поефтин и побрз превоз, зголемена ефикасност во заштитата на шумите од пожари, растителни болести и штетници, отворање на шумите за користење на други шумски производи, подобрување на превозот на работниците;
- Во новите сопственички и пазарни услови во самото шумарство, а се со цел да се создадат современи услови на стопанисување со шумите, како и состојбата во шумарството, пред стручниот кадар на ЈП Национални шуми се поставува потребата на современ начин да го реши транспортот на шумски сортименти од шума до краен купувач. Заради тоа во текот на 2019-2020 год. согласно Годишната инвестициона програма усвоена со Одлука донесена од Владата на РМ се изврши набавка на современи транспортни средства специјализирани за транспорт на шумски сортименти: **товарни возила–камиони: бр.6**, како и набавка на **теренски возила-џипови: бр.15** кои ќе служат за превоз и контрола на вработените до местото на извршување на своите задачи како и контрола на теренот, исто така набавени се и 5 специјални теренски возила со вградени пумпи и 10 пумпи-опрема за гаснење шумски пожари;
- Поголемо ангажирање на инжинерско-техничкиот кадар во следење и организирање на процесот на производство, со што би се намалиле сите тесни грла, како што се:

- Неквалитетно кроење на шумските сортименти;
- Воспоставување на шумски ред, со што ќе се олесни дотурот и ќе се направи поефикасен;
- Усогласување на динамиката помеѓу трите фази на производство;
- Правилно и рационално користење на техниката која што е во употреба;
- Зголемување на процентот на учество на поквалитетни класи кај техничкото дрво, со што ќе се зголеми финансискиот ефект од работењето;

- Зголемување и подобрување на квалитетот на производите преку примената на техничките норми во шумарството, како и светските стандарди и искуства;
- **Продолжување на процесот на сертификација на шумите** во Република Северна Македонија по стандард FSC, важен процес за јавното претпријатие но истотака и за стопанството од дрвопреработувачкиот сектор, со цел да се обезбеди посигурен пласман на дрвната маса од нашата држава на европските пазари, а притоа да се почитува европската регулатива. Сертификацијата на шумите претставува алатка за проценување дали во праксата се стопанисува со шумите на одржлив начин. Сертификатот значи потврда за потеклото, квалитетот и другите стандарди на производот. По дефиниција, FSC акредитираниот сертификат значи дека со шумата се стопанисува по строги социолошки, економски, еколошки и социјални стандарди. Сертификатот е неопходен на шумарството и дрвната индустрија за квалитетен и непречен извоз во земјите на Европската унија. Усвојувањето на FSC сертификацијата е сложен и долготраен процес, кој бара доста време, труд и значителни финансиски средства;
- Во 2022 година ЈП Национални шуми процентот на реализација на годишниот сечив етат ќе го зголеми и со ангажирање на дополнителен број сопствени шумски работници (на определено време);
- Во извршувањето на услуги од страна на надворешни извршители ќе се ангажираат фирми кои се обврзани да поседуваат лиценци за шумско - културни работи за активностите сеча и дотур, согласно законот;
- Намалување на општите и трошоците на производство и зголемување на економичноста;
- Примена на нови научни и практични сознанија во технолошките процеси на производството;
- Зголемувањето на дисциплината во работењето преку вршење контроли и ревизии по подружниците со воведување на добра работна дисциплина;

- Продолжување на имплементацијата на електронскиот систем за надзор и контрола на движењето на дрвната маса. Развојот на претпријатието е правопропорционален со развојот на информатичката технологија. Во 2017 година се отпочна со имплементација на електронскиот систем за следење на дрвна маса (законска обврска) кој треба да ја зголеми контролата врз работењето, да обезбеди навремен пристап до информации и преглед на истите, со што се гарантира постигнување на подобар успех во работењето. Во 2022 година ќе се продолжи со надградба на системот за електронско следење на дрвната маса, согласно Законот за шумите член 69/а;
- Спроведување на ценовникот на цени на главни шумски производи Бр.02-1170/2 од 05.12.2014 год. за продажба на дрвни сортименти во ЈП Национални шуми. Јавното претпријатие планира да пристапи кон покомплексно решавање на проблемот со ново барање за промена на цените на главните шумски производи, пред се на огревното дрво, кое има непроменета цена од 2009 год., како резултат на актуелната економска криза и зголемувањето на цените на енергенсите на глобално ниво, преку ажурирање на калкулациите на трошоците на чинење по 1м3 огревно и техничко дрво;
- Продажба на техничко дрво на правни субјекти со склучување на рамковен договор и продажба на техничко дрво на правни субјекти со годишен договор под услови согласно Правилникот за продажба на дрвни сортименти;
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти со склучување на рамковни договори за производство на пелети - обновлив и еколошки извор на енергија;
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти со склучување на рамковни договори за пелетирање, односно конфекционирање на огревно дрво за понатамошен промет;
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти (субјекти кои огревното дрво го користат во процесот на производство и за затоплување);
- Продажба на огревно дрво на правни субјекти кои се регистрирани за промет на дрво и дрвни сортименти;
- Продажба на огревно дрво на физички лица, физички лица здружени преку здруженија на пензионери и синдикати, како и физички лица од социјално ранливи категории (социјални случаи, лица со попреченост во развојот, деца без родители, самохрани родители, стечајни работници, семејства на бранители, членови на семејства на вработени кои загинале при работа);
- ЈП Национални шуми ќе превзема активности за заштита на шумите:

Согласно насоките на Владата на РСМ, ќе се продолжат проектите во кои е даден приоритет од загрозеност од шумски пожари - Стратегија за развој на заштитата на шумите од пожари, фитопатолошки и ентомолошки појави, со акционен план за реализација на проекти и набавки, за потребите на ЈП Национални шуми-Скопје. Од тие причини ЈП „Национални шуми„ во 2022 година согласно Инвестиционата програма планира набавка на 11 теренски возила со погон на сите оски 4x4 со товарен простор. Со цел оспособување на теренските возила за брза интервенција во справување со шумските пожари, се планира и набавка на 11 пумпи(специјална опрема за гаснење пожари), кои се инсталираат на истите. Овие теренски возила ќе бидат од големо значење за заштита на шумите од пожари, бидејќи покрај превезување на работници, товарниот простор би се користел за сместување на пумпи, алатки за гаснење на пожари и друга опрема. Со инвестирање во теренски возила ќе се подобри превозот на вработените до местото на извршување на своите работни задачи, побрза интервенција во случај на шумски пожари како и контрола на теренот.

За извршување на тековните работни операции како што се: сеча на дрвни сортименти, правење на заштитни пресеки во делот на заштитата од шумски пожари, се планира набавка на 35 моторни пили за потребите на подружниците;

- Обука за изработка на годишни оперативни планови за заштита на шумите од пожари;
- Спроведување на јавна кампања помеѓу граѓаните за опасноста од шумските пожари во рамки на превентивно делување од областа на заштита на шумите;
- Спроведување на медиумска кампања за опасноста од шумските пожари како превентивна мерка за заштита од шумски пожари;
- Спроведување на технички мерки - картирање, редукција на горливиот материјал и изградба на противпожарни просеки во вештачки подигнати шумски насади;
- Поставување на опрема за видео надзор на контролните рампи и систем за следење на движењето на дрвната маса и останатите објекти во функција на заштита на шумите;
- Одредување на рути и контрола на шумочуварска служба.

- Набавка на контејнери за контролни рампи за поголема контрола на превозот на дрвните сортименти, како и заштита на шумите од бесправната сеча;
- Вршење анализа на работењето на Подружниците на Јавното претпријатие и превземање на соодветни мерки за поуспешно работење;

- Наградување и стимулирање на Подружниците во Јавното претпријатие кои покажуваат континуирано добри резултати и даваат исклучителен придонес во работењето;
- Во 2022 ќе продолжи имплементацијата на светските стандарди за производство според ИСО 9001: 2008;
- Во 2022 ќе продолжи воведувањето и примената на ИТ- стратегија;
- Спроведување на анализа на состојбата во ЈП Национални шуми во насока на: надлежности на Секторите и одделенијата, процеси кои се реализираат, процедури за работа, правилници, извештаи од ревизии и сл;
- **Спроведување на Стручна надоградба на вработени преку организирани обуки** од страна на јапонската агенција за меѓународна соработка JICA, која се спроведуваше во текот на 2021 год., а ќе продолжи и во тековната година. ЈП„Национални шуми" во континуитет работи на стручна надоградба на вработените и имплементирање на нови технолиогии и знаења. Како дел од тие напори, вработените се запознаа со процесот на планирање на пошумување и имплементација на Eco-DRR мерки за одржливо управување, зачувување и обновување на екосистемите за да се намали ризикот од катастрофи, со цел да се постигне одржлив и отпорен развој и се здобија со нови знаење за креирање на специјализирани карти за многуфункционалната намена на шумите и за Eco-DRR. Со обуката за топографско толкување со помош на авионски фотографии, со цел да се претстават карактеристиките на типичните форми поврзани со ризикот од планински опасности, со користење на техники за интерпретација на авионски фотографии се овозможува да се лоцираат ризичните точки во шумите, за да се предвидат соодветни мерки за подобрување на нивните заштитни функции. Преку обуката за употреба на беспилотно летало (дрон) во шумарството, вработените се запознаа со процесот на подготовка на дронот за летање, како и рачно и автоматско управување со леталото. На имплементација на нови технологии и знаење, како и модернизација преку употреба на современи технички помагала во шумарството, во ЈПНационални шуми им се придава големо значење. Такви современи технички помагала кои во иднина ќе наоѓаат се поголема примена во шумарството се и беспилотните летала дронови. Една од најзначајните примени на дроновите во шумарството е во полза на подобрување на квалитетот на планирањето во шумарството.

- Зголемување на финансовата дисциплина, согласно законските прописи и актите на ЈП "Национални шуми";
- Доследно спроведување на законската регулатива во сите области на работењето на ЈП "Национални шуми";
- Зголемување на соработката со државните институции, ЈП е во постојана соработка со Секторот за шумарство, со Шумската полиција и со Државниот инспекторат за шумарство и ловство при МЗШВ, а со заедничка цел за унапредување на шумарството во РСМ.

Доколку јавното претпријатие успее да ги постигне и оствари поставените цели, успесите и резултатите од работењето би биле поголеми.

Изготвиле: Милка Лазаревска ---------

Кети Јанакиевска ---------

Контролирал: Гордана Серафимовска ------

ЈП Национални шуми - Скопје

Директор

Валентин Груевски

### 1.2.1. Планирани и остварени приходи по видови во 2021 год.

Табела 14

| Видови приходи | ИЗНОС | | % на |
|---|---|---|---|
| | Планирано | Остварено | оствар. |
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Приходи од продажба на огревно дрво | 1.288.149.700 | 730.454.188 | 56,71 |
| * Приходи од продажба на техничко дрво | 425.481.570 | 270.843.221 | 63,65 |
| * Приходи од продажба на остаток после сеча | 26.803.200 | 13.363.104 | 49,86 |
| * Приходи од расадничко производство | 26.908.785 | 5.672.865 | 21,08 |
| * Приходи од ловство | 3.331.352 | 1.234.526 | 37,06 |
| * Приходи од други шумски производи | 3.388.750 | 409.947 | 12,10 |
| * Приходи од маркирање | 41.212.726 | 49.652.421 | 120,48 |
| * Приходи од проширена репродукција | 39.766.364 | 10.579.550 | 26,60 |
| * Приходи од проста репродукција | 134.206.642 | 76.411.097 | 56,94 |
| * Останати приходи *) | 55.251.341 | 92.696.934 | 167,77 |
| * Приходи на Дирекција | 0 | 319.789.645 | 0,00 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **2.044.500.430** | **1.571.107.496** | **76,85** |

### 1.2.2. Планирани и остварени расходи по видови во 2021 год.

Табела 15

| Видови расходи | ИЗНОС | | % на |
|---|---|---|---|
| | Планирано | Остварено | оствар. |
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| *** Потрошени суровини и материјали, енергија и резервни делови** | **129.683.260** | **95.098.740** | **73,33** |
| *** Услуги** | **578.668.733** | **224.609.955** | **38,81** |
| - Сеча | 155.862.897 | 75.468.840 | 48,42 |
| - Дотур | 178.078.000 | 63.766.824 | 35,81 |
| - Превоз со утовар и растовар | 140.705.235 | 35.272.951 | 25,07 |
| - Услуги за одржување и заштита и други услуги | 104.022.601 | 50.101.340 | 48,16 |
| *** Долгорочни резервирања - Проста репродукција на шуми** | **161.929.504** | **97.938.444** | **60,48** |
| *** Амортизација** | **37.962.766** | **47.993.431** | **126,42** |
| *** Отпис на побарувања** | **0** | **1.969.211** | **0,00** |
| *** Надоместоци на работниците** | **70.188.318** | **42.328.805** | **60,31** |
| *** Проширена репродукција** | **48.581.479** | **29.241.533** | **60,19** |
| *** Бруто плати** | **872.598.458** | **831.712.536** | **95,31** |
| *** Останати трошоци **)** | **43.720.387** | **74.190.682** | **169,69** |
| *** Промена на вредноста на залихите** | **0** | **22.002.632** | **0,00** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ :** | **1.943.332.905** | **1.467.085.969** | **75,49** |

*** Во останати приходи влегуваат :** Приходи од продажба на трговска стока, приходи од извршени услуги - превоз, приходи од продажба на материјали и резервни делови, приходи од поранешни години, приходи од донации и субвенции, приходи од отпис на обврски, приходи од наплатени шумски штети, несповнати деловни приходи, приходи од изработка на ППСШ и ПЛО и други приходи.

**** Во останати трошоци влегуваат :** Отпис на ситен инвентар, дневници за службени патувања, трошоци за репрезентација, трошоци за договори за дело, надоместоци за стручно образование, трошоци за списанија, судски трошоци, набавна вредност на продадени стоки и материјали, кусоци, дополнително утврдени трошоци од минати години, камати, трошоци на Дирекција и други нематеријални трошоци.

### 1.2.3. Споредбени податоци за остварени приходи по видови 2021/2020 год.

Табела 16

| Видови приходи | ИЗНОС 2020 | ИЗНОС 2021 | Индекс |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Приходи од продажба на огревно дрво | 837.368.344 | 730.454.188 | 0,87 |
| * Приходи од продажба на техничко дрво | 244.063.767 | 270.843.221 | 1,11 |
| * Приходи од продажба на остаток после сеча | 13.560.957 | 13.363.104 | 0,99 |
| * Приходи од расадничко производство | 7.626.910 | 5.672.865 | 0,74 |
| * Приходи од ловство | 2.027.134 | 1.234.526 | 0,61 |
| * Приходи од други шумски производи | 421.356 | 409.947 | 0,97 |
| * Приходи од маркирање | 49.694.202 | 49.652.421 | 1,00 |
| * Приходи од Програми за МЗШВ на РСМ | 11.875.000 | 10.579.550 | 0,90 |
| * Приходи од проста репродукција | 83.416.188 | 76.411.097 | 0,92 |
| * Останати приходи* | 74.603.376 | 92.696.934 | 1,24 |
| * Приходи на Дирекција | 108.773.473 | 319.789.645 | 2,94 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ :** | **1.433.430.707** | **1.571.107.496** | **1,10** |

### 1.2.4. Споредбени податоци за остварени расходи по видови 2021/2020 год.

Табела 17

| Видови расходи | ИЗНОС 2020 | ИЗНОС 2021 | Индекс |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=3:2 |
| * Потрошени суровини и материјали | 17.211.837 | 16.784.234 | 0,98 |
| * Потрошена енергија | 65.412.770 | 63.654.200 | 0,97 |
| * Потрошени резервни делови | 20.848.657 | 14.660.306 | 0,70 |
| * Сеча | 79.319.420 | 75.468.840 | 0,95 |
| * Дотур | 72.443.117 | 63.766.824 | 0,88 |
| * Превоз со утовар и растовар | 37.394.091 | 35.272.951 | 0,94 |
| * Трошоци за ПТТ-услуги | 7.679.099 | 7.302.088 | 0,95 |
| * Услуги за одржување и заштита | 14.450.836 | 13.067.570 | 0,90 |
| * Трошоци за пошумување и маркирање | 4.684.682 | 3.051.929 | 0,65 |
| * Останати услуги | 38.911.760 | 49.608.089 | 1,27 |
| * Долгорочни резервирања - Проста репродукција на шуми | 109.618.038 | 97.938.444 | 0,89 |
| * Амортизација | 46.819.780 | 47.993.431 | 1,03 |
| * Отпис на побарувања | 11.176.726 | 1.969.211 | 0,18 |
| * Патни трошоци | 50.887 | 40.694 | 0,80 |
| * Надоместоци на работниците | 44.469.902 | 42.328.805 | 0,95 |
| * Трошоци за репрезентација, реклами и спонзорства | 2.154.782 | 463.032 | 0,21 |
| * Проширена репродукција | 32.890.093 | 29.241.533 | 0,89 |
| * Бруто плати | 865.570.473 | 831.712.536 | 0,96 |
| * Останати трошоци **) | 46.833.664 | 50.758.620 | 1,08 |
| * Промена на вредноста на залихите | -1.094.749 | 22.002.632 | -20,10 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ :** | **1.516.845.865** | **1.467.085.969** | **0,97** |

* **Во останати приходи влегуваат:** Приходи од продажба на трговска стока, приходи од извршени услуги - превоз, приходи од продажба на материјали и резервни делови, приходи од поранешни години,приходи од донации и субвенции, приходи од отпис на обврски, приходи од наплатени шумски штети, несомнати деловни приходи и други приходи. Износите на наведените останати приходи се прикажани во Табела 29а, страна 95.

** **Во останати трошоци влегуваат :** Отпис на ситен инвентар, трошоци за договори за дело, надоместоци за стручно образование, трошоци за списанија, судски трошоци, набавна вредност на продадени стоки и материјали, дополнително утврдени трошоци од минати години, кусоци, камати и други нематеријални трошоци.